Поаѓајќи од различните политички и економски интереси кои големите сили одделно ги имале во Отоманската империја авторот изведува исправен заклучок дека основна причина за делумниот успех, односно неуспех на Мирцштегската реформна програма лежи токму во овие противречности.

Неуспехот на Мирцштегската реформна програма, како и влошувањата на положбата во Македонија поради зголемената активност на странските вооружени чети ја приНуди Владата на Велика Британија да преземе нова иницијатива за воведување радикални реформи во Македонија. Основата на англискиот предлог се состоеше во именување гувернер на Македонија што ќе биде независен од султанот, како и давање на извршна власт на странските офицери со што таа во потполност би се изземала од власта на султанот иако формално би била во рамките на неговите поседи.

Поради укажаните разлики помеѓу големите сили иницијативата наидува на прием единствено кај Русија, но и таа не се согласува со давање на автономија на Македонија. Токму од овие причини на Ревалската средба е постигната согласност помеѓу Британскиот и Рускиот суверен за воведување реформи, кои би претставувале извесно ублажување на англиските предлози. До спроведување на новиот реформен предлог, меѓутоа, не доаѓа, бидејќи веднаш по завршувањето на средбата во Отоманската империја избива Младотурската револуција која ги стопира сите реформни зафати на големите сили. Благодарејќи на нивната револуција попречен е реформниот процес во Македонија и е елиминирано гарантирањето на етничкиот и територијалниот интегритет на Македонија од страна на големите сили.

Читајќи ги последниве редови на книгата, основен заклучок што се наметнува е дека големите сили во ниеден момент не сакале да го решат македонското прашање по пат на радикални зафати. Сите нивни иницијативи претставувале фрлање прав во очите на македонскиот народ и на европското јавно мислење. Во половичноста и парцијалноста на преземените чекори се сакало да се сочува нешто што историјата одамна го осудила на распаѓање.

Сериозноста во пристапот кон материјата, како и перфектниот научен апарат со право му даваат на делото карактер на едно од позначајните достигнувања во македонската историографија поради што и заслужува да биде прочитано од страна на пошироката јавност.

Јован ДОНЕВ

**Практикум по историја на државите и правата на народите на Југославија.** Редакција д-р Владимир КАРТОВ. Скопје, НИО „Студентски збор", 1984, 450

Минатата година во издание на НИО „Студентски збор" од Скопје излезе од печат делото „Практикум по историја на државите и правата на народите на Југославија", во редакција на Д-р Владимир Картов, професор на научната дисциплина Историја на државите и правата на народите на Југославија на Правниот факултет во Скопје и

наш истакнат и плоден историограф.

Практикумот по Историја на државите и правата на народите на Југославија е збирка на текстови што претставуваат избор на извори од државно-правната историја на народите на Југославија, почнувајќи од првите држави создадени на ова тло, па до најново време т.е. до создавањето на Социјалистичка Југославија. Со изборот се опфатени најзначајните правни извори и други документи кои даваат најпотполна слика за државно-правното уредување на нашите земји во одделни историски периоди. Исто така со изборот се опфатени и најзначајните документи што сведочат за борбата на одделни наши народи за независност и создавање сопствена државност, како и правни извори од правниот систем на државите под чија власт се наоѓале одделни наши народи во одделни периоди од својот историски развиток.

Практикумот е работен според наставната програма за изучување на научната дисциплина Историја на државите и правата на народите на Југославија на Правниот факултет во Скопје, усвоен во 1976 год., поради тоа што примарната цел на овој Практикум е да им послужи како учебно помагало на студентите на правните факултети во совладување на материјата од областа на оваа научна дисциплина. Меѓутоа со оглед на тоа што со изборот се опфатени повеќе релевантни правни извори на народите на Југославија, збирката може, секако, да биде од корист и на поширок круг на читатели што се интересираат за државно-правната историја на народите на Југославија.

Материјата изложена во Практикумот е распоредена во девет делови, според временскиот период на кој се однесуваат поместените извори и според нивната содржина. Посебно треба да се истакне дека секој дел од Практикумот е снабден со определена педагошка апаратура, која ги поттикнува студентите кон активен однос при проучувањето на дадената материја.

Во првиот дел од Практикумот се поместени изворите што се однесуваат на создавањето на првите југословенски ранофеудални држави. Тоа се пред сè материјали на византиските писатели (Прокопие, Менандар, Протектор, Јован Ефски) што се основен извор за проучување на општествените односи, обичаите и начинот на војувањето на Словените непосредно пред и за време на нивното доселување на Балканскиот Полуостров. Исто така, дадени се изворите за настанувањето и развитокот на првите јужнословенски држави (македонската држава, државата на Карантанските Словени, хрватската држава, Рашка, Дукља) и речиси во целост три византиски правни акти (Земјоделскиот закон, Еклога и Закон за судење на луѓето), кои покрај други византиски прописи се применувале кај Словените.

Во вториот дел од Практикумот се поместени повеќе правни акти што биле донесе и се применувале во југословенските земји во фазата на развиениот феудализам (XII—XV в.). Тоа се неколку манастирски и властелински повелби на српските и босанските владетели, неколку значајни меѓународни договори на српските и босанските владетели со Дубровник, избор на одредби од

Душановиот законик, одбрани делови од Дубровничкиот статут и др.

Изворите поместени во третиот дел од Практикумот се однесуваат на политичко-правните прилики во југословенските земји во фазата на доцнежниот феудализам (XV—XVIII в.), кога сите југословенски земји, со исклучок на Дубровничката Република, се наоѓаат под турско-османска власт (Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора), односно под унгарска, односно под австриска и млетачка власт (Хрватска, Војводина,Словенија,Далмација). Пред сè, во овој дел проф. д-р Владимир Картов, преку изборот на документите, ни дава слика за политичките прилики во јужнословенските земји под турска власт, а истовремено преку одредби од Коранот и од државното право на турската држава нè запознава со основните карактеристики на нејзиниот правен систем. На крајот дадени се изводи од Привилегиите на жителите на Карловац од 1581 година и Влашкиот статут од 1630 година што се однесуваат на положбата на населението во Воена Краина, во Хрватска под австриска власт.

Во четвртиот дел од Практикумот се поместени правни акти што се однесуваат на создавањето и државно-правниот развиток на првите југословенски буржоаски држави. Најнапред се поместени уставните акти што се однесуваат на создавањето и државно-правниот развиток на српската буржоаска држава. Покрај тоа проф д-р В. Картов преку изводите од статиите на Светозар Марковиќ и преку изводот од програмата на српската Социјалдемократска партија го проследува раѓањето на социјалистичките идеи и организирањето на работничката класа во буржоаска Србија. Актите што следат се однесуваат на развитокот на црногорската држава и нејзиното право од крајот на XVIII до почетокот на XX век. Во посебен прилог кон овој дел дадени се одредби од Санстефанскиот мировен договор (19; II — 3. III 1878 год.) и Берлинскиот мировен договор (13. VII 1878 г.), кои се однесуваат на правно-политичкиот статус на јужнословенските земји (Србија, Црна Гора, Македонија, Босна и Херцеговина, Бугарија).

Во петтиот дел од Практикумот дадени се документи за политичко-правната положба во Хрватска, Словенија и Босна и Херцеговина под Хабзбуршката власт и за борбата за државна самостојност и автономија во овие југословенски земји во XIX и во почетокот на XX век.

Во посебен дел проф. д-р В. Картов ги поместува изворите што се однесуваат на борбите на македонскиот народ за самостојност и создавање своја државност. Најнапред поместени се оние извори кои се израз на првите манифестации на борбата на македонскиот народ за национална самостојност и независност. Понатаму следат два уставни акти на турскиот султан Абдул Меџид (Гилханскиот хатишериф, 1839 год. и Хатихумајунот, 1856 год.), кои се од големо значење за поробените народи во Турската империја затоа што се први акти со кои се прокламираат општи права и слободи на граѓаните и еднаквост на сите граѓани пред законот.

Кон крајот на седумдесеттите години и во почетокот на осумдесет-

тите години на деветнаесеттиот век борбата на македонскиот народ за културна автономија прераснува во борба за сопствена држава. Врвен израз на оваа борба за создавање држава на македонскиот народ во седумдесеттите години е Кресненското востание. Поради тоа Правилата на македонскиот востанички комитет, уставен акт донесен во текот на Кресненското востание, во Практикумот е даден во целост.

Со создавањето на ТМОРО (1893 год.) македонското националноослободително движење добива организирана форма. Со оглед на тоа што не се сочувани оригиналните документи за основањето на самата организација, во Практикумот се поместени неколку изводи од спомените на основачите на организацијата, како и основни програмски документи за нејзините цели и задачи.

Илинденското востание и Крушевската република (1903 г.) претставуваат најзначајните настани во дотогашната борба на македонскиот народ за самоопределување и создавање сопствена држава, поради што изворите што се однесуваат на овој период од историјата на македонскиот народ се дадени во посебна целина во Практикумот. Понатаму следуваат изворите што се однесуваат на меѓусебното поврзување на соседните балкански држави (Србија, Бугарија, Грција) за војна против Турција и поделба на територијата на Македонија, како и изворите од кои се гледа отпорот на напредните Македонци против делбите на Македонија, за време на Балканските и Првата светска војна.

Во седмиот дел од Практикумот поместени се документи што се однесуваат на Кралството на СХС и неговиот државно-правен развиток (1918—1941 год.). Пред сè, дадени се позначајните акти што се однесуваат на создавањето на Кралството на СХС, потоа два акти на новоформираната држава, вперени против работничкото движење (Обзнаната, 1920 год. и Законот за заштита на јавната безбедност и поредокот во државата, 1921 год.), како и одбрани одредби од основните правни акти на стара Југославија донесени во периодот на нејзиното дваесетгодишно постоење. Понатаму се поместени документите за програмската и идејна ориентација на КПЈ, за нејзиниот став спрема уставното и државно уредување на Кралството и посебно за ставот спрема националното прашање во Југославија.

Осмиот дел содржи одбрани текстови што сведочат за тешката положба на македонскиот народ во периодот меѓу двете светски војни, одбрани текстови за борбата на македонскиот народ за самостојност и сопствена државност во овој период, како и две резолуции на КПЈ што исклучиво се однесуваат на македонското прашање.

Деветтиот дел од Практикумот ги содржи најзначајните извори што се однесуваат на раѓањето на нова Југославија во виорот на Втората светска војна. Процесот на создавањето на Нова Југославија се изразуваше преку организирањето на партизанските одреди, како основна оружена сила на НОД, преку создавањето на НОО како никулци на новата народна власт, преку формирањето на земските антифашистички већа во поодделните југословенски земји и преку форми-

рањето и дејноста на АВНОЈ. Во врска со ова во Практикумот се дадени повеќе документи.

На крајот поместени се документите што се однесуваат на борбата што воено-политичкото раководство на НОД на Југославија ја водеше за меѓународно признавање на Нова Југославија, како и документите што се однесуваат на уставно-правното санкционирање на придобивките од НОВ и Револуцијата и изградбата на новото југословенско право и правосудство.

Од сето веќе порано кажано во овој приказ, читачот може да заклучи, дека се работи за едно научно дело коешто претставува голем придонес во изучувањето на Историјата на државите и правата на народите на Југославија и коешто топло го препорачуваме како на студентите така и на сите читатели што се интересираат за државно-правната историја на народите на Југославија.

Билјана ПОПОВСКА-НЕТКОВА

**Радовиш и Радовишко**, Издание на Собранието на општината Радовиш и Општинскиот одбор на Здружението на борците од НОБ, Радовиш 1984, 283

Радовиш и Радовишко е една од ретките (досега излезени) монографии на нашите комуни (во СР Македонија) со посеопфатна обработка на просторот (Радовишката регија). Тоа секако се должи на професорот д-р Митко Панов, кој е перманентно преокупиран со истражувања на овој крај. Неговите долгогодишни истражувања овде дојдоа до значајни резултати, како во поглед на извршувањето на сопствената задача, така и со анимирањето и помошта што ја укажал врз проучувањата и на другите прашања врз просторот и на демографските чинители на оваа ареа.

Солидно се обработени и геоморфолошките, а посебно климатските и хидрографско-хидролошките посебности на Радовишко од д-р Миливој Гашевски. Мошне рационално и агрументирано посветува внимание на виталните географски фактори и на проблемите и задачите што произлегуваат за натамошниот развиток на Радовиш и околината во поглед на обезбедувањето со вода, уредувањето на пороите и др.

Во своите прилози проф. д-р Митко Панов ни ја афирмира поголната географска положба и просторните карактеристики на овој крај со радост, не само во Македонија, туку и пошироко што се наоѓа во преградките на едниот од најубавите и монументални масиви на Македонија —Плачковица, регија која зафаќа дел од Радовишко-струмичкото Поле што популарно се нарекува и како „Македонска Калифорнија".

Во прилогот „Население и населби", д-р Панов мошне исцрпно и посестрано го проучил ова прашање. Така според показателите на демографскиот развиток на овој регион се укажува на структуралните проблеми кај населението, на просторот на градски-